**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 05.09.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 3857/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**

**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово;
3. **Период опфатен со надзорот:** 3 септември 2025 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 5 септември 2025 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 29.07.2025 година, за непочитување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-223 од 29.07.2025 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (01.08.2025 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*
7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, емитуван на 3 септември 2025 година, на локално ниво, **констатирано е дека радиодифузерот во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена,** односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка:/**

***Сектор за програмски работи***